**Република Северна Македонија**
**ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ**
**02-Су.бр.70/19**
**19.09.2019 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 39 и член 88 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ број 58/06, 35/08, 150/10, 83/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ број 96/19), како и врз основа на член 112, член 113 став 4 и член 179 став 1 од Судскиот деловник („Службен весник на РМ“ број 66/13 и 114/14), В.Д. Претседателот на Основен граѓански суд Скопје, на ден 19.09.2019 година, донесе:

## ГОДИШЕН РАСПОРЕД

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ РАСПОРЕД ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИОТ ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ ЗА 2019 ГОДИНА

I. Во Годишниот распоред за работа на Основниот граѓански суд Скопје за 2019 година, 02-Су.бр.100/2018 од 24.12.2018 година, 02-Су.бр.23/19 од 07.03.2019 година, 02-Су.бр.37/19 од 05.04.2019 година, 02-Су.бр.54/19 од 11.06.2019 година и 02-Су.бр.63/19 од 01.08.2019 година, во Дел први „Претседател на судот“, во точка 1, во алинеја 8, зборовите „приговори против неправилности по извршување“ и запирката после овие зборови се бришат.

II. Во Годишниот распоред за работа на Основниот граѓански суд Скопје за 2019 година, 02-Су.бр.100/2018 од 24.12.2018 година, 02-Су.бр.23/19 од 07.03.2019 година, 02-Су.бр.37/19 од 05.04.2019 година, 02-Су.бр.54/19 од 11.06.2019 година и 02-Су.бр.63/19 од 01.08.2019 година, во Дел трети „Судски оддели“, во поддел II. „Оддел за трговски спорови, стечај и ликвидација“, во точка 3, зборовите „Гордана Билеска“ и запирката пред овие зборови се бришат.

III. Во Годишниот распоред за работа на Основниот граѓански суд Скопје за 2019 година, 02-Су.бр.100/2018 од 24.12.2018 година, 02-Су.бр.23/19 од 07.03.2019 година, 02-Су.бр.37/19 од 05.04.2019 година, 02-Су.бр.54/19 од 11.06.2019 година и 02-Су.бр.63/19 од 01.08.2019 година, во Дел трети „Судски оддели“, во поддел II. „Оддел за трговски спорови, стечај и ликвидација“, во точка 4, став 1, зборовите „Наталија Донева“ се заменуваат со зборовите „Гордана Билеска“, а сврзникот „и“

по зборовите „ќе постапува“ се брише.

**IV.** Во Годишниот распоред за работа на Основниот граѓански суд Скопје за 2019 година, 02-Су.бр.100/2018 од 24.12.2018 година, 02-Су.бр.23/19 од 07.03.2019 година, 02-Су.бр.37/19 од 05.04.2019 година, 02-Су.бр.54/19 од 11.06.2019 година и 02-Су.бр.63/19 од 01.08.2019 година, во Дел трети „Судски оддели“, во поддел II. „Оддел за трговски спорови, стечај и ликвидација“, во точка 4, став 2, зборовите „Наталија Донева“ се заменуваат со зборовите „Гордана Билеска“.

**V.** Во Годишниот распоред за работа на Основниот граѓански суд Скопје за 2019 година, 02-Су.бр.100/2018 од 24.12.2018 година, 02-Су.бр.23/19 од 07.03.2019 година, 02-Су.бр.37/19 од 05.04.2019 година, 02-Су.бр.54/19 од 11.06.2019 година и 02-Су.бр.63/19 од 01.08.2019 година, во Дел четврти „Постапување по барања за архивирани предмети на овој суд и предмети пренесени на надлежност од друг суд и по други барања“, во точка 1, став 7, зборовите „Вељанка Доневски“ се заменуваат со зборовите „Софија Спасова Медарска“.

**VI.** Овој распоред влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 20.09.2019 година.

**ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ**
**В.Д. ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**ILIR SULEJMANI**